**20161573553**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), и член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 209/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.8.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Во Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/16, во делот III.ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА, во точка 1 во ставот 1 во воведната реченица износот „41.744.000“ се заменува со износот „38.556.000“, а износот „37.194.000“ се заменува со износот „34.006.000“.

Во алинејата 1 износот „10.224.000“ се заменува со износот „10.679.000“, а износот „5.674.000“ се заменува со износот „6.129.000“.

Во алинејата 2 износот „31.520.000“ се заменува со износот „27.877.000 “.

Во ставот 3 во точката а) износот „17.520.000“ се заменува со износот „11.520.000“ и сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во точката б) износот „14.000.000“ се заменува со износот „9.000.000“, а точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова потточка в) која гласи:

„в) капитални дотации до единицата на локалната самоуправа 7.357.000 денари.“

Во ставот 4 во алинејата 1 износот „1.263.785.000“ се заменува со износот „1.262.285.000“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6429/1
17 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.